ascia
australasian society of clinical immunology and allergy

# ПРВА ПОМОШ ПРИ АНАФИЛАКСА

Анафилаксата е сериозна алергиска реакција која може да биде опасна по живот. Таа секогаш треба да се третира како медицински итен случај, при што е потребно ургентно лекување. Повеќето случаи на анафилакса се јавуваат откако лице кое има сериозна алергија е изложено на алергенот на кој тоа е алергично (обично храна, инсекти или лекарство).

## СЛАБИ ДО СРЕДНИ АЛЕРГИСКИ РЕАКЦИИ

**Во некои случаи, на анафилаксата и претходат знаци на блага до средно сериозна алергиска реакција:**

- Оток на лицето, усните и очите
- Оток или лузни на кожата
- Јадеж во устата
- Стомачни болки, повраќање (ова се знаци на умерена до средно сериозна алергиска реакција на повеќето алергени, меѓутоа, при алергија на убоди од инсекти, тоа се знаци на анафилакса).

## КАКО ДА СЕ ДЕЛУВА

- За алергија на убоди од инсекти, извадете го осилото ако можете да го видете (меѓутоа не ги отстранувајте крлежите)
- Останете со лицето и побарајте помош
- Дадете му лекарство ако тоа е препишано (иако антихистамините може да се користат при третирање на умерени до средно сериозни алергиски реакции, ако тие се влошат, единствено соодветно лекарство е адреналинот)
- Ако можете, најдете ја **инјекцијата за автоматско шприцување на адреналин** (упатствата за употреба се вклучени во Планот за делување во случај на анафилакса кои треба да се наоѓаат заедно со инјекцијата за автоматско шприцување на адреналин)
- Контактирајте го родителот/старателот или други лица за ургентни случаи.

## АНАФИЛАКСА (СЕРИОЗНА АЛЕРГИСКА РЕАКЦИЈА)

**Продолжете да следите дали ќе се појават било кои од следните знаци на анафилакса (сериозна алергиска реакција):**

- Тешкотии/свиркање при дишењето
- Отекување на јазикот
- Отекување/стеснување во грлото
- Тешкотии при зборување и/или засипнат глас
- Свиркање при дишењето или непрекинато кашлање
- Губење на свест и/или онесвестување
- Бледило и свиснатост (кај мали деца)

## КАКО ДА СЕ ДЕЛУВА

- **Дадете му на лицето инјекција со адреналин** ако таа ви е достапна (упатствата за употреба се вклучени во ASCIA-планот за делување во случај на анафилакса кои треба да се наоѓаат заедно со инјекција за автоматско шприцување на адреналин)
- **Повикајте амбулантно возило** (Телефонирајте на 000 во Австралија, 111 во Нов Зеланд или 112 ако користите мобилен телефон)
- **Испружете го лицето на земја и подигнете му/и ги нозете – ако тој/таа има тешкотии при дишењето, дозволете му/и да седне меѓутоа не да се исправи**
- Контактирајте го родителот/старателот или други лица за ургентни случаи
- Можете да дадете дополнителни дози на адреналин (ако постои дополнителна инјекција за автоматско шприцување на адреналин), ако лицето не реагира после 5 минути.

**Ако не знаете што треба да направите, дадете инјекција со адреналин.**

**Започнете со КПР (применување на вештачко дишење) секогаш кога лицето не реагира и не дише нормално. Ако не сте сигурни дали се работи за астма или анафилакса, ПРВО ставете му инјекција со адреналин со автоматски шприц и потоа дадете му лек за намалување на симптомите на астма.**

- **Адреналинот го спасува животот и тој мора брзо да се даде. Одложувањето или задоцнувањето при давањето на инјекција со адреналин може да доведе до влошување на состојбата и смрт**. Токму заради тоа давањето инјекција со адреналин со автоматски шприц е првото упатство во ASCIA-планот за делување при анафилакса. Ако се примени враќање во живот со вештачко дишење (CPR) пред да се даде инјекцијата, постои опасност примањето на адреналинот да се одложи или тој да не се прими.
- **Во амбулантното возило**, пациентот ќе добие кислород од помошниот медицински персонал.
- После анафилаксата, се препорачува **лекарско набљудување** на пациентот најмалку 4 часа во болница**.**
- **Инјекциите за автоматско шприцување на адреналин** кои може да се користат во Австралија и Нов Зеланд се EpiPen и Anapen. Верзиите Junior на EpiPen и Anapen обично им се препишуваат на деца на возраст од 1 до 5 години.

© **ASCIA 2014** За понатамошни информации за анафилкса, посетете ги www.allergy.org.au - Интернет страниците на ASCIA. ASCIA е врвно професионално тело на клинички имонолози и алерголози во Австралија и Нов Зеланд.

Macedonian